**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став 1 точка 2 и член 384 став 2 точка 1 од Законот за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ АД – Куманово, на седница одржана на 27.05.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

За усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи,Извештај на независни ревизори и годишниот извештај за работење за 2012 година на ФЗЦ 11 Октомври АД – Куманово.

Член 1

Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаји, извештај на независни ревизори и годишен извештај за работењето на ФЗЦ 11 Октомври АД – Куманово за 2012 година со остварен финансиски резултат од работењето:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Остварени приходи | 872.605.194,00 денари |
| 2. | Остварени расходи | 1.061.719.289,00 денари |
| 3. | Остварена загуба пред оданочување (2-1) | 189.114.095,00 денари |
| 4. | Данок на даночно непризнаени расходи | 324.312,00 денари |
| 5. | Остварена загуба по оданочување (3+4) | 189.438.407,00 денари |

Член 2

Составен дел на Оваа Одлука се:

- Билансот на успех и Билансот на состојба од годишната сметка
- Извештај за финансиска состојба,Извештај за сеопфатна добивка,Извештај за паричните текови и Извештај за промените во капиталот заедно со Годишниот извештај за работењето и Извештај за независните ревизори
- Одлука за покривање на загубата (остварена по годишната сметка и финансиски извештаи за 2012 година )

Член 3

- Оваа Одлука влегува во сила со денот на доснесувањето

Содбрание на акционерите
Претседавач,

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 383 став1 точка 8 од Закон за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ АД – Куманово, на седница одржана на ден 27.05.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

За назначување овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и финансиските извештаи

Член 1

За ревизор на годишна сметка и финансиски извештаи на ФЗЦ 11 Октомври АД – Куманово за 2013 година се назначува Ревизорска куќа Grant Thornton, ДОО Скопје.

Член 2

Оваа Одлука ќе ја спроведе работната единица за Комерцијални и Економско –Финансиски работи.

Член 3

Оваа Одлуква влегува во сила со денот на донесувањето

Собрание на акционери
Претседавач,

Врз основа на член 383 став1 точка 4 и член 384 став 2 точка 3 од Закон за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ АД – Куманово, на седница одржана на ден 27.05.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

За одобрување на работа на Одбор на директори

Член 1

Се одобрува работата на Одбор на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД - Куманово.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач,

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 415-в став 4 од Закон за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ АД – Куманово, на седница одржана на ден 27.05.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

Член 1

Се усвојува годишен извештај на Служба за внатрешна ревизија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач,

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 384 став 2 точка 2 од Законот за трговските друштва, и на Одлуката за усвојување на годишната сметка и годишниот извештај за работење за 2012 година,Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ АД – Куманово, на седница одржана на 27.05.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

За покривање на загуба по годишната сметка / финансиските извештаи за 2012 година

Член 1

Загубата од работењето во 2012 година ќе се покрива од работењето на Фабриката во наредниот период.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач,